Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

# VEYRON TARGA





На ултраспортскиот модел на "Bugatti", Veyron, во текот на идната година ќе му се придружи и кабриолет верзијата Targa. Според првите информации, Veyron Targa ќе се произведува со склоплив "хард-топ", кој нема да може да се собере во самиот автомобил, туку идните сопственици ќе мораат при возењето внимателно да ја следат временската прогноза и да го оставаат покривот дома. Сепак, доколку дождот ги изненади, на располагање ќе имаат и платнена прекривка, која ќе може да се навлече преку кабината. Токму поради недостатокот на покрив, во моментов Veyron Targa минува низ значајно зајакнување на каросеријата, кое ќе овозможи да се задржи соодветна торзиона цврстина. Вишокот килограми сигурно нема да се почувствува во перформансите, а за разлика од Veyron Coupe, кој повлекува и до 400 км/ч, за очекување е дека оваа кабрио верзија ќе има максимална брзина електронски ограничена на 350 км/ч.



# RENAULT TWINGO CC





Twingo CC ќе биде новиот автомобил во класата на градските купе кабриолет автомобили и ќе им конкурира на Opel Tigra Twin top и на Peugeot 207 CC. Новитетот ќе биде претставен на "домашна почва", на Саемот во Париз во октомври.

Покривот на Twingo CC ќе биде едноделен и со тоа автомобилот многу повеќе ќе потсетува на Targa изведбата, отколку на кабриолет, но затоа тој ќе се склопува многу побрзо и ќе зафаќа многу помалку место во багажниот простор.

Моторизацијата ќе ја сочинуваат 1,2 и 1,6 литарски бензинци, како и 1,5 литарски dCi дизелски мотори.

## ФЛЕШ ВЕСТИ

### "PSA" И "FIAT" ПРАВАТ НАЈЧИСТИ АВТОМОБИЛИ

Според истражувањата на Европската група за почист транспорт, француската "PSA" е најчист производител на автомобили, со просечни 142 г/км $CO^2$ измерени од сите модели на компанијата. "Fiat" е на второ место по загадување на околината, со 144 г/км $CO^2$, што е постигнување многу блиско до Французите, додека "Renault" заврши на третото место, со просечни 147 г/км $CO^2$. Најголемата светска компанија, "Toyota", е на четврто место на истражувањето, со просечни 153 г/км $CO^2$, но треба да се има предвид дека тие продаваат и тешки теренци кои повеќе ја загадуваат околината.

### "BMW GROUP" СО РЕКОРДНА ПРОДАЖБА

Култниот германски производител на луксузни и спортски автомобили, "BMW", во првиот квартал од оваа година оствари најголема продажба воопшто во неговата историја, што е резултат на посветеноста на перформансите и квалитетот.

Во првите три месеци од 2008 година "BMW" продаде 351.787 автомобили, што е за 5,7% повеќе во однос на минатата година. Од оваа бројка, 293.550 им припаѓаат на возилата на "BMW" (+2,7%), Mini – 58.054 (+23,6%) и Rolls Royce – 183 (+61,9%).


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

ДЕНТА НОВА

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија



Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com

SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "